ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 18 став (1) точка 1 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јуни 2026 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА КОМПРИМИРАН ГАС, ТЕЧЕН ГАС И ВОДОРОД – ТРГОВИЈА НА КОМПРИМИРАН ГАС (CNG)

1. На Друштвото за трговија и услуги СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија на компримиран гас, течен гас и водород - Трговија на компримиран гас (CNG).

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на компримиран гас, течен гас и водород - Трговија на компримиран гас (CNG) е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштво за трговија и услуги СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.1-1-16 Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на компримиран гас, течен гас и водород УП1 бр.11-121/1 од 27 март 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1 Образец БЛ 14 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во pdf формат. Друштвото го комплетираше барањето на 6 мај 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 16, став (1) од Правилникот за лиценци изготви Предлог Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на компримиран гас, течен гас и водород - трговија на компримиран гас (CNG), која согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.хх од хх јуни 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на хх јуни 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на хх јуни 2026 година, одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* и член 18 став (1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на

компримиран гас течен гас и водород – Трговија на компримиран гас (CNG) на Друштвото за трговија и услуги СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-121/26**
**хх јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

изготвил: Виолета Чокузовска

контролирал: Катарина Манчева

одобрил: Јулијана Димоска Исајловска
Enver Elmazi

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА НА КОМПРИМИРАН ГАС, ТЕЧЕН ГАС И ВОДОРОД –**
**ТРГОВИЈА НА КОМПРИМИРАН ГАС (CNG)**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за трговија и услуги Друштво за трговија и услуги СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.1-1-16 Скопје, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Трговија на комприимиран гас, течен гас и водород - Трговија на комприимиран гас (CNG)

3. **Датум на издавање на лиценцата:** хх јуни 2026 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** хх јуни 2036 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** Г - ТРГКТВ-87-2026

6. **Единствен матичен број:** 6713530

7. **Единствен даночен број:** 4058011510291

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како трговија на комприимиран гас (CNG), во смисла на оваа лиценца, се смета набавка и/или продажба на комприимиран гас (CNG), на трговци и потрошувачи во Република Северна Македонија и друга држава.

9. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
   Енергетската дејност трговија на комприимиран гас, течен гас и водород – Трговија на комприимиран гас (CNG), носителот на лиценцата ќе ја врши на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

10. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен да:
    - обезбеди непречена и континуирана испорака на комприимиран гас (CNG) согласно склучените договори,
    - обезбеди комприимираниот гас (CNG) кој што го испорачува да ги исполнува условите за квалитет определени со склучените договори, како и пропишаните норми за квалитетот,
    - по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, навремено достави информации и извештаи за трансакциите со комприимиран гас (CNG) и деловните активности во Република Северна Македонија,
    - им фактурира на своите потрошувачи за испорачаниот комприимиран гас (CNG),
    - обезбеди доверливост на податоците и количините на комприимиран гас (CNG) испорачан на потрошувачите,
    - им овозможува на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Комисијата за заштита на

конкуренцијата и на Секретаријатот на Енергетската заедница, увид во податоци кои се однесуваат на сите нивни трансакции за купопродажба на компримиран гас (CNG) со потрошувачите, најмалку за период од последните пет години,
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

**11. Обврска за доставување на годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. набавена и продадена количина на компримиран гас (CNG) во текот на годината,
2. годишна завршна сметка со сите прилози,
3. кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
4. обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста.

**12. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност трговија на компримиран гас, течен гас и водород - Трговија на компримиран гас (CNG).

**13. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**14. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика“ и Правилникот за лиценци.